# студентско ехо

БРОЈ 30, ДЕКЕМВРИ 2025
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК






## СОДРЖИНА:

4. ЈУБИЛЕЈ 15 ГОДИНИ НА СТУДЕНТСКО ЕХО
6. УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОДБЕЛЕЖА ЕДНА ГОДИНА ОД ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТАТА НА АЛИЈАНСАТА НА УНИВЕРЗИТЕТИ (ACE2EU)
8. ДАРКО ЛАЗАРОВ Е ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА ФИСКАЛНИОТ СОВЕТ
10. НОВО РАКОВОДСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ
12. ИНТЕРВЈУ СО СТАНЕЛА ГАЦОВА
14. УГД И ФИСКАЛНИОТ СОВЕТ
15. ABC 2 - ACE2EU АЛИЈАНСА
16. СТУДЕНТОТ БОГОЉУБ МИЈАЛКОВ ПРЕСТОЈУВАШЕ ВО РОМАНИЈА
17. ПАТОТ КОН БРИГ
18. ИНТЕРВЈУ СО БОЖИДАР ДОНЕВСКИ,
22. СТУДЕНТИ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ВО ОХРИД: УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИСКУСТВО, ТИМСКА РАБОТА И ЛИЧЕН РАЗВОЈ
23. АМБАСАДОРОТ НА КАЗАХСТАН ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"— ШТИП
24. ПРОФ. Д-Р СТОЈКО СТОЈКОВ Е ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА МАНУ
25. МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК БИСЕР НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ
26. ИЗБРАНИ ПРОРЕКТОРИТЕ НА УГД
27. ПОСТОЈАТ ЛИ ЕДНАКВИ ПЛАТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА?
28. ХУМАНОСТА НА ДЕЛО ВО СТРУМИЦА
29. ЗАВРШИ СВЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
30. КАКО ТЕХНОЛОГИЈАТА ГО ПРОМЕНИ СТУДЕНТСКИОТ ЖИВОТ
31. ПРАЗНИЦИТЕ СЕ БЛИЖАТ
32. ШТИП СЕ ПРЕТВОРИ ВО НОВОГОДИШНА БАЈКА
33. СТРУМИЦА Е ПОДГОТВЕНА ДА ЗАБЛЕСКА!
34. ВО ПОТРАГА ПО ДЕТСКОТО ПРАЗНИЧНО ЧУВСТВО

## ИМПРЕСУМ:

**„Студентско ехо“ 30**
**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година**
**(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**

**Главен и одговорен уредник:**
**проф. д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник и фотографија:**
**Александар Максимов**

**Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.**

**Контакт адреса:**
**studentskoeho@gmail.com**
**facebook.com/studentskoeho**

# ЈУБИЛЕЈ 15 ГОДИНИ НА СТУДЕНТСКО ЕХО

# 30 БРОЈА НА СТУДЕНТСКО ЕХО



Како да беше вчера кога професорите и студентите од првата генерација на катедрата по Новинарство и ОЈ се договорија да издаваат студентски весник. На весникот му го дадоа името Студентско ехо. Своето име го доби како инспирација од звукот што не запира и се шири низ далечина-кое допира насекаде без препреки и бариери.

Мото на списанието е Инспиративни, креативни и храбри.

Основната цел на весникот беше студентите стекнатото теоретското знаење да го применат во практика во форма на текст.

Студентско ехо на медиумската сцена егзистира 15 години и за тој период изгради препознатлив имиџ и идентитет. Концептот на весникот е преку свои текстови студентите да креираат содржини од разни видови новинаарски жанрови во кои во центарот на вниманието е студентот, неговите потреби и интереси. Весникот има повеќе рубрики во кои студентите креираа содржини според своите афинитети и желби. Од 2015-2017, Студентско ехо мируваше од оправдани причини. За петнаесет години во Редакцијата продефилираа 6-7 уредници и педесетина креатори на содржини, од кои претежно беа студентите од катедрата по Новинарство и ОЈ.

Првиот број излезе на 01.12.2011 година. Прв главен уредник на списанието беше проф. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска, која со студентите од првата генерација на НОЈ ја започнаа успешната приказна на списанието. Графичкото и техничкото уредување на весникот беше доверено на Александар Максимов од ЦОЈ.

Списанието е од отворен карактер што подразбира учество на студенти од сите факултети со свои текстови. Досега се излезени вкупно 30 броја, во кои се објавени над илјада информативни содржини, од кои најголем дел од текстовите се креирани од студентите по Медиумски студии и односи со јавноста и претежно третираат теми за животот, потребите и интересите на студентите.

Значењето на списанието е големо. Тоа ги бележи и чува најважните настани на УГД и универзитетските единици од основањето до денес. Студентско ехо ги бележеше и чува најважните настани, па оттука, тоа се смета за еден од чуварите на Колективна меморија за најважните настани на Универзитетот и универзитетските единиците. Весникот ги бележи и најважните активности на Универзитетското студентско собрание, кое е главен поддржувач за негово редовно излегување.

Во пресрет на Новата 2026 година, Ви посакуваме среќна Нова година и Божиќни празници, имајте убави моменти за време на празниците и со нови сили да продолжиме кон новите предизвици.

....од Редакцијата



УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

МАРТИН ЗАРКОВ

# ACE2EU

## УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОДБЕЛЕЖА ЕДНА ГОДИНА ОД ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТАТА НА АЛИЈАНСАТА НА УНИВЕРЗИТЕТИ (ACE2EU)

**На 11. Декември 2026 година, УГД како партнерски Универзитет на пригоден начин одбележа една година од стартот на Универзитетската Алијанса ACE2EU. Свеченоста се одржа на Кампус-2 во присуство на голем број професори, студенти и вработени кои имаа прекрасна можност да се информираат со можностите, активностите и вредностите што ги нуди оваа европска универзитетска алијанса. Обраќање пред присутните имаше и Ректорот, проф. д-р Дејан Мираковски, кој го охрабри студентите активно да се вклучат и да пронајдат интерес да ги искористат можностите што ги нуди Алијансата.**

На свеченоста присутните ги слушнаа можностите за студирање, истражување, практична настава на друг универзитет. Алијансата промовира транснационална соработка, интердисциплинарно образование, иновации, мобилност и општествено анагажирање.
Мисијата на ACE2EU е да ги подготви студентите, академскиот и административниот кадар за идните предизвици, дигитална и зелена транзиција, одржлив развој, социјални и економски предизвици, преку заеднички образовни програми програми, истражувачки и иновативни проекти, како и промовирање на европските вредности: демократија, еднаквост, солидарност, инклузија и одговорност кон општеството и животната средина.
ACE2EU е универзитетска алијанса на девет реномирани европски универзитети, меѓу кои и УГД, со цел да се основа заеднички меѓууниверзитетски кампус. На заеднички состанок Ректорите на деветте Универзитети се согласија седиштето на Алијансата да биде во Брисел.
Во рамките на овој настан, студентите од Музичката академија на УГД приредија музички перформанс Калиедископ на звуци, како и други културно-уметнички изведби.

















## ABC ШКОЛАТА COACTEU ИСКУСТВО ШТО ГО НАДМИНУВА КЛАСИЧНОТО СТУДЕНТСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во текот на студиите често слушаме за европски програми, алијанси и можности за меѓународна соработка, но ретко имаме можност тие концепти да ги почувствуваме во пракса. ABC школата „CoActEU – Law, Policies and Practices for Sustainable Development" ми ја даде токму таа можност – да бидам дел од една вистинска европска академска заедница, каде што знаењето, идеите и луѓето се поврзуваат преку заеднички цели.
Оваа школа се реализираше во рамки на ACE2EU – European University Alliance, алијанса која обединува универзитети од различни европски земји со цел да создаде нов модел на високо образование: применливо, интердисциплинарно, претприемачко и силно поврзано со општеството. Како студент, ова не беше само уште една академска активност, туку реално искуство за тоа што значи „европски универзитет" во пракса.
Програмата беше интензивна и содржински богата. Работевме на реални предизвици поврзани со одржливиот развој, управувањето со отпад, рециклирањето, корпоративната општествена одговорност и улогата на институциите и бизнис секторот. Посебна вредност имаше тоа што предизвиците не беа хипотетички, туку беа поставени од реални стејкхолдери – Стопанската комора на Северна Македонија и Општина Штип. Како студент по право, ми беше особено интересно да го поврзам правниот аспект со економските, еколошките и социјалните димензии на одржливиот развој. Преку дискусии за европските директиви, националните стратегии и локалните политики, сфатив колку е важно правото да биде флексибилно, но и применливо. Не станува збор само за тоа што пишува во законот, туку како тој закон функционира во реалноста – во општините, во компаниите и во секојдневниот живот на граѓаните.
Еден од највредните сегменти на школата беше работата во интердисциплинарни и меѓународни тимови. Во ист тим работевме студенти од право, економија, инженерство, култура и социјални науки, доаѓајќи од различни универзитети членки на ACE2EU алијансата. Секој од нас носеше различна перспектива, различно академско искуство и различен културен контекст. Токму таа разновидност ги направи дискусиите подлабоки, а решенијата покреативни и пореални.
Посебно ја издвојувам и неформалната димензија на школата, која е подеднакво важна како и официјалната програма. Дружењето со колеги од други земји, разговорите по работилниците, заедничките паузи, прошетките низ Штип и споделувањето искуства за студирањето и животот во различни држави создадоа чувство на припадност кон една поширока европска академска заедница. Овие неформални моменти помогнаа да се надминат јазичните и културните бариери и да се изградат пријателства кои, верувам, ќе продолжат и по завршувањето на школата.
ACE2EU алијансата не ја доживеав само како административна рамка, туку како жива мрежа на луѓе, идеи и можности. Преку оваа школа сфатив дека иднината на високото образование оди кон поголема соработка меѓу универзитетите, поголема мобилност на студентите и поголема поврзаност со реалните општествени предизвици.
На крајот од програмата, секој тим изработи конкретен предлог – т.н. Final Inclusion Tool, кој содржеше мерки, политики и практични решенија што можат да се применат на локално ниво. Чувството дека твојата студентска работа може да има реално влијание е силна мотивација и потсетник зошто студираме.
Оваа ABC школа не ми даде само ново знаење, туку и самодоверба, нови контакти и појасна визија за улогата што, како млад правник, можам да ја имам во општеството. Таа ми покажа дека одржливиот развој не е апстрактен поим, туку процес во кој сите имаме одговорност да учествуваме.
За мене, ова искуство е доказ дека кога универзитетите, студентите и општествените чинители работат заедно, образованието станува вистинска сила за промена.

# ДАРКО ЛАЗАРОВ

## Е ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА ФИСКАЛНИОТ СОВЕТ



**Проф д-р Дарко Лазаров од Економскиот факултет при УГД-Штип е избран за член на фискалниот совет на Република Македонија на предлог од Народната банка на Северна Македонија. Фискалниот совет е независно тело кое ги надгледува макроекономските и фискалните политики во земјата. За својата работа одговара пред Собранието на РМ. Мандатот на членовите на Советот трае шест години со можност на реизбор.**

Согласно Законот за буџети, Фискалниот совет има три члена, кои ги предлагаат МАНУ (еден член), Државниот завод за ревизија (еден член) и Народна банка на Република С. Македонија. Освен како професор, Лазаров е познат во јавноста и по активното учество во оптштествените процеси, преку давање критички осврт на фискалните и економските политики во земјата. Тој е активен и во Собранието на Стопанската комора на Македонија, кој воедно е и претседател на Клубот на извозници при Комората.

Професорот Лазаров е редовен професор на Економскиот факултет, кој во ноември 2025 е реизбран на функцијата проректор за инвестиции, развој и одржување на УГД-Штип.
Неговиот избор на оваа функција е лично признание, но и признание и за институцијата од каде доаѓа-Економски факултет при УГД-Штип.
Редакцијата на Студентско Ехо му го честита изборот на проф. д-р Дарко Лазаров на новата функција со желба за успех во неговата кариера.
Срећно професоре.







# НОВО РАКОВОДСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

За Членови на Претседателството на УСС беа избрани следните претставници:



# Интервју со Станела Гацова,

## РЕИЗБРНАТА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА УГД-ШТИП




**Станела Гацова, студентка на втор циклус студии на Факултетот за информатика повторно ја доби довербата од студентите на 12 факултети и 3 академии при Универзитетот Гоце Делчев-Штип. Таа е реизбрана и ќе го води Универзитското студентско собрание на УГД и во 2026 година. Нејзиниот избор е признание и потврда за нејзината успешна работа во минатата година. Таа во иднина се гледа во Македонија каде планира да ја гради својата професионална кариера. Активно беше вклучена во креирање на младинските политики на Универзитетот и Републиката. Но, исто така, таа се покажа како неуморен мобилизатор и координатор на активностите на факултетските собранија која од нив умешно ја извлекуваше најкреативната енергија. Во продолжение во целост го пренесуваме интервјуто со Станела Гацова.**

**1) Дали кај тебе има промени на личен план во однос на претходната година?** Кај мене има значајни промени на личен и професионален план во однос на претходната година. Во изминатиот период дипломирав и се стекнав со звањето компјутерски инженер. Но, мојот академски и личен развој не застана тука – продолжив со образованието и се запишав на магистерски студии на програмата Интелигентни веб технологии при Факултетот за информатика на Универзитетот „Гоце Делчев". Овој чекор ми донесе дополнителна поддршка, нови знаења и можност за понатамошно надградување, а воедно ми овозможи и доверба за втор мандат како претседател на Универзитетското студентско собрание, каде што продолжувам активно да се залагам за интересите на студентите.

**2) Дали успеавте да ја реализирате Програмата за работа на УСС за претходната 2025 година?**
Да, Програмата за работа на Универзитетското студентско собрание за претходната 2025 година беше делумно реализирана. Најголем дел од планираните активности беа успешно спроведени, додека одредени цели, поради непредвидени ситуации со кои се соочивме, не беа целосно реализирани во предвидениот период. Токму нереализираните планови претставуваа личен и професионален предизвик и силна мотивација оваа година повторно да се кандидирам, со цел да обезбедам континуитет во работата и целосно да ги реализирам целите што ги поставивме во претходната година, во интерес на студентите и подобрување на студентскиот стандард.

**3) Кои се новите предизвици и приоритети на УСС при УГД?**
Новите предизвици и приоритети на Универзитетското студентско собрание при УГД оваа година се насочени пред сè кон подобрување на начинот на студирање и квалитетот на живеење на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Нашата цел е создавање подобри услови за академски развој, како и унапредување на студентскиот стандард и секојдневието на студентите. Во моментов не можам детално да зборувам за конкретните планови и активности на кои работиме, но со задоволство истите ќе ги споделиме најпрво со вас, редакцијата на „Студентското Ехо", веднаш штом тие бидат подготвени за официјално претставување.

**4) На кој начин комуницирате со Универзитеските органи и колку можете да влијаете на нивните одлуки кога станува збор за студентските интереси и потреби?**
Ние сме во постојан и континуиран контакт со универзитетските органи, при што нашите иницијативи и предлози се примаат со отвореност и разбирање. Добиваме целосна поддршка, како материјална, така и стручна и организациска, што значително ја олеснува нашата работа и овозможува ефикасно застапување на студентските интереси. Вратите на Ректоратот се секогаш отворени за студентите, што ја потврдува нивната посветеност кон дијалогот и решавањето на потребите на студентската заедница.

**5. Има ли автохтони иницијативи од Студентските собранија при универзитетски единици за решавање на студентските проблеми или пак Ве оставаат Вие во нивно име да ги решавате?**
Постојат автохтони иницијативи од Студентските собранија при универзитетските единици, особено кога станува збор за локални проблеми и специфични потреби на студентите во рамките на факултетите. Сепак, ние како Универзитетско студентско собрание имаме улога и одговорност да координираме и застапуваме универзитетски прашања, да обезбедиме конзистентен пристап и да ја пренесуваме гласот на студентите на највисоко ниво. Со други зборови, одредени иницијативи се водат самостојно на ниво на факултет, но за поголеми и универзитетски значајни прашања, нашата улога е клучна и активно учествуваме во нивното решавање.

**6) Што планира УСС-Штип да преземе за да го спречите иселувањето на младите од РМ во други држави?**
УСС-Штип планира да се фокусира на активности кои ќе ја подобрат квалитетот на студирањето и условите за живот на студентите, со цел да се создадат поволни услови за професионален и личен развој во државата. Нашите активности се насочени кон обезбедување поддршка за образование, можности за практична работа, менторство, развој на вештини и вклучување на студентите во проекти кои ќе ги подготват за пазарот на трудот, со што се намалува потребата да бараат можности надвор од РМ.

**7. Според тебе, на што се должи иселувањето на младите од нашата држава во други земји?**
Иселувањето на младите од нашата држава се должи на стремежот за подобри можности за образование, професионален развој и квалитетен живот. Младите бараат средина каде што нивниот труд и талент ќе бидат целосно вреднувани, а условите за напредок и личен раст максимално поддржани.

**8. Постои ли некаква студентска платформа која се залага за одвраќање на младите од земање билет во еден правец и на што се фокусира таа?**
Не постои формална студентска платформа која директно се залага за „одвраќање на младите од земање еднопатен билет" и иселување во странство. Сепак, постојат иницијативи и организации кои се фокусираат на поддршка и развој на младите во земјата, како што се кариерни програми, обуки, практикантски позиции и проекти за развој на вештини, со цел да им се обезбедат можности за професионален и личен развој овде.

**9. Дали соработувате со други Универзитетски студентски собранија и на кои полиња?**
Да, ние сме во постојан контакт со другите универзитетски студентски собранија низ државата. Постојано соработуваме преку формираното Национално студентско тело, каде што секое УСС е полноправна членка. Оваа организација ни овозможува полесна координација, размена на искуства и заедничко делување, со што нашите активности и иницијативи за заштита на студентските права стануваат поефикасни и посилни.

**10. Што ќе им порачаш на студентите на УГД-Штип во 2026 година?**
Драги студенти на УГД-Штип, Ве повикувам да продолжите да верувате во сопствените способности и да се стремите кон знаење, развој и личен напредок. Нека секој предизвик биде можност за учење, а секоја идеја инспирација за нови достигнувања. Да докажеме дека и со останување во нашата држава може да се постигнат големи резултати, дека тука, меѓу своите, можеме да создадеме влијание, да го обликуваме своето утре и да оставиме трага која ќе инспирира. Останете храбри, амбициозни и верни на своите соништа – заедно можеме да го покажеме вистинскиот потенцијал на младите во Македонија.
Срдечно се заблагодарувам на сите мои членови и на претходните членови на УСС за нивната посветеност, труд и ентузијазам, без кои дел од овие резултати не би биле можни. За нас, покрај подобрувањето на студентскиот стандард, најважно е од УСС да излезат пријателски врски, доверба и заедништво што ќе го обогатат секој студентски ден.

Останете мотивирани, отворени за нови искуства и заедно градиме Универзитет во кој секој студент ќе се чувствува вреднуван и поддржан.

# УГД И ФИСКАЛНИОТ СОВЕТ

## НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА







На 18.12.2025 година на Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип е потпишан Меморандум за соработка помеѓу Универзитетот и Фискалниот совет на Република С. Македонија. Меморандумот го потпишаа ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, и академик Абдулменаф Беџети, претседател на Фискалниот совет. Со Меморандумот е предвидено Економскиот факултет на УГД и Фискалниот совет на РСМ да реализираат заеднички проекти и истражувачки активности, кои ќе бидат корисни за работата на Фискалниот совет, но и за наставниот кадар и студентите.

Денес потпишавме Меморандум за соработка со една од врвните советодавни институции во областа на економијата, Фискалниот совет, кој е основан од Собранието кој е надлежен за надзор на фискалните политики во државата. Ова за нас претставува една нова вредност, бидејќи врвни експерти од Фискалниот совет, заедно со наши професори ќе овозможат подобрување на наставата........ Ова е начин на доближување на реалноста и практичните проблеми до студентите и на тој начин отвораме нова перспектива за нашите професори и студенти-изјави ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски.

Изразувајќи задоволство за потпишаниот Меморандум, академик проф. д-р Абдулменаф Беџети, искажа голема благодарност до ректорот, проф. д-р Мираковски и проректорот проф. д-р Лазаров за можноста за вклучување на кадар од Економскиот факултет при УГД, а соработката ќе се одвива преку деканката на Економскиот факултет-изјави Абдулменаф Беџети. (фото од настанот)

За економскиот факултет и студентите кои студираат на сите насоки, ова е огромна можност, каде можат да се воочат независните политики на Централната банка, од една страна и Фискалниот совет, од друга страна, кој ја надгледува нивната работа. Соработката би се одвивала во домен на истражувачки капацитети, размена на информации и искуства-изјави проф. д-р Марија Гогова-Самоников.

По завршување на протоколарните средби и потпишување на Меморандумот за соработка, Претседателот на Фискалниот совет, академик Абдулменаф Беџети одржа предавање пред студентите и професорите на Економскиот факултет.



# ABC 2

ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY
Applied Connected Entrepreneurial & Engaged

**Со силна посветеност, високо ниво на знаење и изразена општествена одговорност, студентите и професорите од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип оставија исклучително впечатлив и препознатлив траг со своето учество на ABC школата реализирана во Таргу Жиу, Романија, во рамки на ACE²-EU Европската универзитетска алијанса. Оваа интензивна меѓународна образовна програма претставуваше вистинска платформа за соработка, размена и заедничко учење, обединувајќи студенти и академски кадар од повеќе европски земји.**



Покрај студентите од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, во ABC школата активно учествуваа и студенти од партнерските универзитети на Алијансата од Португалија, Шпанија, Германија, Литванија, Латвија, Романија, Австрија и Полска, што ѝ даде силна интернационална и интеркултурна димензија на целата програма. Ова мултинационално академско опкружување овозможи размена на различни перспективи, искуства и практики, збогатувајќи го процесот на учење и соработка.

Програмата се фокусираше на две исклучително важни и чувствителни теми на современото општество – инклузијата и пристапноста за лица со посебни потреби, како и превенцијата и институционалниот одговор на семејното насилство. Во активностите учествуваа студенти од Факултетот за образовни науки, Правниот факултет, Филолошкиот факултет и Факултетот за медицински науки при УГД, кои преку интердисциплинарен пристап работеа на реални општествени предизвици, успешно поврзувајќи теорија, практика и хуманата димензија на професиите.

Нивниот ангажман се одликуваше со зрелост, емпатија, аналитичност и изразена способност за тимска работа во мултикултурна средина, што беше особено препознаено и високо оценето од странските партнери, ментори и експерти вклучени во програмата.

Во рамки на програмата Unite & Inspire: Breaking Barriers for People with Special Needs, студентите креираа иновативни, применливи и општествено одговорни решенија насочени кон подобрување на поддршката и пристапноста за деца со посебни потреби и нивните семејства. Финалните концепти беа презентирани пред стејкхолдери, професионалци и претставници на локалната заедница, кои понудија конструктивни насоки, поддршка и охрабрување за понатамошен развој на идеите. Посебно значајни беа и завршните рефлексии на студентите, во кои тие зборуваа за личниот и професионалниот раст, како и за продлабоченото разбирање на инклузијата како темелна европска и човечка вредност.

Паралелно со ова, значаен сегмент од ABC школата беше посветен и на програмата Equipped to Act: Domestic Violence, преку која студентите добија ретка можност за директно учење од институциите и практиката. Тие учествуваа во симулирано судење во Окружниот суд во Таргу Жиу, каде преку реалистични сценарија ги унапредија своите вештини за судска постапка, аргументација и анализа на случаи. Дополнително, следеа практични предавања од форензичари и полициски службеници, стекнувајќи знаења за обезбедување докази, истражни техники и основи на самоодбрана.

Посебен впечаток остави и посетата на затворот во Таргу Жиу, каде студентите одблиску се запознаа со пенолошкиот систем и начинот на извршување на санкциите во Романија — искуство од исклучително значење, особено за студентите од правните и општествените науки.

Во рамки на ABC школата, проф. д-р Олга Кошевалиска, проф. д-р Елена Максимова од Правниот факултет и проф. д-р Даниела Коцева од Факултетот за образовни науки одржаа заедничка интердисциплинарна работилница пред студенти од сите партнерски универзитети на ACE²-EU Алијансата. Работилницата беше посветена на граѓанските и кривичните аспекти на семејното насилство, како и на современото европско законодавство во оваа област, и беше оценета како исклучително значајна, инспиративна и поттикнувачка за критичка дискусија и меѓународна размена на искуства.

Со ваквите активности, факултетите при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип уште еднаш ја потврдија својата активна и видлива улога во европските образовни и општествени процеси, како и својата посветеност на промоцијата на човековите права, инклузијата, интеркултурниот дијалог и борбата против сите форми на насилство.

# Студентот БОГОЉУБ МИЈАЛКОВ престојуваше во Романија




Универзитетската алијанса ACE2EU, во која членува и УГД-Штип на студентите им дава убава можност да присуствуваат на други универзитети и преку работилници, дебати и размена на искуства да стекнат нови знаења и искуства. Во декември ваква можност имаше студентот на втор циклус на студии на Правниот факултет при УГД-Штип, Богољуб Мијалков. Тој, за неговиот престој, на Универзитетот во Таргу Жиу во Романија го истакна следното:

"Како студент на втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, имав исклучителна можност да бидам дел од програмата за студентска размена во рамките на Европската Универзитетска Алијанса ACE2-EU, на која УГД активно учествува. Разменската програма се реализираше во градот Targu Jiu во Романија и беше посветена на тематската област „Семејно насилство". Во текот на престојот учествувавме во низа академски дискусии, интерактивни работилници и практични сесии, заедно со студенти од седум различни држави. Оваа средба ни овозможи да ги споредиме нашите правни, културни и институционални искуства поврзани со феноменот на семејното насилство, како и да слушнеме на кој начин останатите држави во Европа пристапуваат кон оваа сè поизразена и загрижувачка општествена појава, која во последните години добива значителни размери.



Престојот во Романија остави длабок и траен впечаток врз мене. Посебно ме воодушевија отвореноста и гостопримливоста на локалното население, разновидниот академски пристап што го демонстрираа учесниците, како и впечатливата архитектура на градот. Ова меѓународно искуство значајно придонесе за проширување на мојата професионална перспектива, овозможувајќи ми да стекнам вредни меѓународни контакти и да ги зацврстам моите академски и лични компетенции.



Цврсто верувам дека учеството во вакви програми претставува од исклучително значење за студентите, бидејќи им овозможува лична и академска надградба, интеркултурна размена и стекнување практични искуства што подоцна може успешно да ги имплементираат во општествениот контекст и во нивната иднина професионална дејност"-истакна Мијалков.



На крајот Мијалков, апелираше до студентите на УГД да ја искористат можноста за престој на еден од Универзитетите во рамките на Алијансата и на тој начин да стекнат нови искуства преку кои ќе си ги подобрат своите академски хоризонти.





# Патот кон Бриг









Патувањето од Македонија до Бриг, Швајцарија, беше едно од оние патувања што не се паметат само по дестинацијата, туку и по самиот пат. Тргнавме со автомобил јас и мојот шура, со јасна цел пред нас, но без претстава колку искуства ќе ни донесат тие 24 часа на пат.

Уште од самиот почеток беше јасно дека патот нема да биде лесен. Долгите часови возење и заморот беа неизбежни, но сè тоа некако паѓаше во втор ред кога пејзажите пред нас постојано се менуваа. Како што поминувавме низ различни земји, имав чувство дека секоја од нив носи своја приказна, свој ритам и култура. Европа не беше само географски простор, туку жива мапа што се откриваше километар по километар.

Еден од највпечатливите моменти беше кога патот нè однесе преку планински превој. Иако беше лето, планината беше целосно покриена со снег. За мене тоа беше нешто невообичаено и речиси нереално. Сонце, летна облека, а наоколу белило како во сред зима. Патот беше тежок и бараше внимание, но немаше простор за жалење. Погледите што се отвораа пред нас беа толку нереални што секоја минута замор вредеше.

Возењето го делевме. На секои неколку часа се менувавме зад воланот за да може другиот да одмори. Тие моменти на тишина, кога еден вози, а другиот гледа низ прозорецот, ми останаа особено драги. Токму тогаш имаш време да размислуваш, да споредуваш и да сфатиш колку патувањето те менува уште додека трае.

Кога конечно пристигнавме во Бриг, чувството беше мешавина од олеснување и воодушевување. Градот нè пречека мирно, уредно и опкружен со планини што му даваат посебен шарм. По толку часови на пат, Бриг не беше само крајна дестинација, туку награда за сè што го поминавме.

Ова патување ме научи дека понекогаш најубавиот дел не е каде ќе стигнеш, туку сè што ќе доживееш додека си на пат.

БЛАГИЦА ЦВЕТКОВА

# Интервју со БОЖИДАР ДОНЕВСКИ,

## Дипломиран студент на Правниот факултет – насока Медиумски студии и односи со јавноста



Имаме убава можност да разговараме со Божидар Доневски, дипломиран студент кој за време на студиите се истакна со својот интерес и посветеност кон факултетот, а неговиот дипломски труд заслужено привлече внимание и позитивни реакции.
Теоријата е важна, но вистинското знаење во медиумските студии се стекнува преку практика и јавен настап. Дипломиран студент на Правниот факултет – насока Медиумски студии и односи со јавноста зборува за улогата на ораторските вечери, студентското искуство и професионалниот развој по завршувањето на студиите.

Интервјуер Благица: Како би го опишал твоето целокупно искуство на факултетот?
й Божидар Доневски - дипломиран студент на Правниот факултет - насока Медиумски студии и односи со јавноста: Правниот факултет- Медиумски студии и односи со јавност при УГД Штип, за мене беше комбинација од предизвици, континуирано учење и раст. Не само академски, туку и личен раст и развој. Се пронајдов во мислата на Џорџ Бернард Шо, дека суштината на животот не е да се пронајдеш себеси, туку да се создадеш себеси.. Почувствував дека сум на вистинскиот пат. Професорите се трудеа да го извлечат максимум од своите студенти. Секој ден учев нешто ново, а паралелно созревав како личност и како професионалец.
1. Кои предмети или професори најмногу влијаеја на твојот професионален правец? - Најмногу влијаеја предметите поврзани со комуникации и медиуми, затоа што таму првпат ја почувствував силата на добриот говор и правилно испратената порака до јавноста. Имаше професори кои што не насочуваа како практично да ги примениме теоретските знаења, но и како критички да размислуваме. Тие ми помогнаа да сфатам дека новинарството и односите со јавност треба да бидат изградени врз принципите на чесност и професионалност, а новинарот треба да ја почитува новинарската етика и етичкиот кодекс.
2. Кое е највредното нешто што го понесе од факултетот, а го нема во ниту една книга? - Ми остана едно едноставно, ама моќно сознание, дека ништо не може да го замени човечкиот пристап. Можеш да научиш техники, стратегии, модели на комуникација… но ако нема срце, искреност и човечност во она што го правиш, тогаш и најдобриот говор е празен. Тоа го научив не од книга, туку од луѓето околу мене, од ситуации, од јавни настапи, од грешки и успеси.
3. Кој беше најголемиот возбудлив момент пред да излезеш на сцена? - Моментот точно пред да излезам на сцена. Тоа се секунди, кога си во исчекување да го слушнеш своето име, а во истовреме го слушаш гласот на своето срце и некаде длабоко во себе си велиш: „Еве го, ова е моментот". Тој адреналин, таа позитивна трема… ми даваше чувство дека сум жив, дека правам нешто што ме исполнува, но и порака што сакав да допре до секој човек.
4. Што е најтешкиот дел од подготовката на говор - и како го надминуваше тоа? - Најтешкиот дел секогаш ми бил да ја најдам точната нишка, мисла што ќе биде столб на целиот говор .Сакам говорот да биде јасен, инспиративен, но и емотивен. Понекогаш ми требаа часови само да ја најдам таа почетна искра. Како го надминував? Искрено, со трпение. Секогаш кога ќе престанев да се форсирам, идејата сама доаѓаше.
5. Кое нешто за себе го откри токму преку јавните настапи? - Открив дека сум многу посилен отколку што мислев, дека имам глас што може да допре и да мотивира. Тремата никогаш не исчезнува, но јас научив да ја претворам во сила и моќ на секој изговорен збор. Јавните настапи ми помогнаа да го запознаам мојот вистински карактер. Тие за мене беа како тест на издржливост. Со секој мој нареден јавен настап јас добивав поголема самодоверба. Едноставно научив да верувам во себе.
6. Имаш ли некоја анегдота или момент од ораторска вечер што ќе си го памтиш? - Да, има еден момент што никогаш нема да го заборавам. Тоа беше непосредно пред мојот ораторски говор „Земјата плаче" каде што јас бев во улога на индјанскиот поглавица „Сиетл". Влегов толку длабоко во ликот што во еден момент се почувствував како да не настапувам, туку како јас да сум вистинскиот индијански поглавица, едноставно тоа беше едно незаборавно патување низ времето. Публиката замолкна, ја почувствував нивната енергија, а мене ме преплави некое чудно чувство на мир и самодоверба. Тоа ми беше најубавиот момент. Освоеното прво место за најдобар студент-оратор за 2023 година, беше всушност награда за животно дело на мајката природа. Почувствував дека публиката ја прими пораката, дека сите ние сме одговорни и дека треба да ја чуваме и негуваме планетата земја, затоа што таа е наш единствен дом. Таа вечер ќе ја паметам цел живот.
7. Што мислиш дека ја прави една ораторска вечер посебна - темата, енергијата, публиката или нешто друго? - Ораторската вечер е посебна кога има душа. Темата е важна, енергијата уште повеќе, но најмногу значи она невидливото, треперењето во воздухот кога говорникот и публиката се на иста фреквенција. Тоа е момент кога зборот престанува да биде само збор и станува емоција.
8. Кој совет што си го слушнал на предавање и денес ти звучи како „life hack"? - Советот од мојот ментор Андон Мајхошев:„Не мора ти да знаеш сè - најди го човекот што знае." Тој ме научи дека мудроста не е да ги носиш сите знаења сам, туку да знаеш да се опкружиш со вистински луѓе
9. Каде си сега професионално? - По дипломирањето, додека ми траеше специјализацијата за дигитален маркетинг за добивање на американска и ЕУ диплома, на Академијата Creative Hub, одев на работна пракса во Pixyle.ai (компанија што развива AI технологии). Откако успешно ја завршив академијата, која што траеше една академска година, ми се отворија нови врати. Се вработив како специјалист за дигитален маркетинг во Имако Вино - винарија со одличен тим и уште подобра енергија. Работам на кампањи, стратегии, креативи и промоции што ме исполнуваат и ме мотивираат постојано да растам. Многу ми е драго што сум во средина каде што можам теоретското знаење да го применам на реални и практични проекти.
10. Ако твојата сегашна работа беше наслов од весник - што би пишувало?
- Да создадеш винска приказна е уметност
11. Каков проект би сакал да создадеш што би те претставил како професионалец? - Би сакал да создадам проект што спојува образование, комуникација и младински развој, нешто што ќе им помогне на младите да бидат „Глас на иднината". Платформа за јавни настапи, медиумска писменост, личен бренд… место каде што ќе научат не само како да зборуваат, туку и како да влијаат.
12. Кои трендови во ПР/медиуми ти прават да помислиш: „Еј, ова е иднината!"?
Одговор: Иднината ја гледам во две работи: автентичност и брзина. Брендовите веќе не можат да се кријат зад совршени кампањи, луѓето сакаат искреност. Содржината денес патува со брзина на светлината,што пред неколку години беше невозможно. Тие две нешта заедно создаваат нова ера, каде што највлијателен е оној што е најреален.
13. Ако треба да им објасниш на бруцошите „како да преживеат" - кои три правила би ги напишал на табла?
1. Не се споредувај со никого.
2. Барај можности, сами не доаѓаат. Креирај, учествувај, прашувај.
3. Биди ЧОВЕК !
Од искуството на дипломиран студент на оваа насока, како што е Божидар, можеме да заклучиме дека комбинацијата од теорија и пракса е вистинскиот избор за патот кон успешна кариера. Неговото искуство е јасна порака дека посветеноста, љубопитноста и активното учество се клучни за личен и професионален напредок. Разговорот со Божидар Доневски нè потсетува дека факултетот не е само институција, туку простор каде што се гради гласот на идните комуникатори.





ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY
Applied Connected Entrepreneurial & Engaged

SANTARÉM POLYTECHNIC UNIVERSITY | Lietuvos inžinerijos kolegija | LATVIAN ACADEMY OF CULTURE | GOCE DELCEV UNIVERSITY | MEDICAL UNIVERSITY OF GDAŃSK | KÄRNTEN University of Applied Sciences | UFV Universidad Francisco de Vitoria | Technische Hochschule Ingolstadt

# СТУДЕНТИ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ВО ОХРИД: УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИСКУСТВО, ТИМСКА РАБОТА И ЛИЧЕН РАЗВОЈ







Во периодот од 27 октомври до 1 ноември, студенти од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип реализираа проектна активност во рамки на НВО „ЛОЈА“ во Охрид. Посетата претставуваше значајно едукативно и практично искуство, насочено кон развој на професионални, комуникациски и социјални вештини неопходни за идните образовни работници.
Програмата на студиската посета беше богата со едукативни работилници и интерактивни активности, преку кои студентите работеа на теми како што се стереотипи и предрасуди, комуникација, личен и општествен идентитет, доверба, насилство и негово препознавање и превенција, како и мирно решавање конфликти. Преку дискусии, практични примери и групна работа, учесниците ја согледаа важноста на толеранцијата, емпатијата и соработката – вредности од суштинско значење во образовниот процес.
Значаен дел од активностите беше посветен на градење доверба и тимска работа. Преку специјално осмислени вежби, студентите учеа да се потпираат едни на други, да слушаат активно и да функционираат како тим. Овие активности им
помогнаа да ја разберат динамиката на групната работа и улогата на секој поединец во заедничкиот успех.
Посебен впечаток оставија и креативните активности, меѓу кои работата со глина, која им овозможи на студентите на симболичен и креативен начин да ги изразат своите чувства и размислувања. Забавните, но истовремено поучни задачи, како што беа динамичните тимски игри, придонесоа за развој на брза реакција, координација и ефективна комуникација во услови на притисок.
Емоционална димензија на престојот внесе и активноста „таен пријател“, преку која студентите тајно си даваа поддршка, охрабрувачки пораки и мали знаци на внимание. Оваа активност создаде чувство на блискост и взаемна грижа, а нејзиното завршување беше проследено со искрени емоции, смеа и благодарност.
Студиската посета во Охрид претставуваше вредно искуство за професионален и личен развој на студентите. Тие стекнаа знаења и вештини за смирена и конструктивна комуникација, препознавање проблеми и професионално реагирање во различни ситуации, како и искуство во работа во сложени групни контексти.
Ова искуство, според студентите е корисно, мотивирачко и незаборавно, оставајќи силен впечаток и цврста основа за нивната идна работа во образовниот процес. Студиската посета уште еднаш ја потврди важноста на учењето преку практика и директно искуство како клучен сегмент во образованието на идните наставници и педагози.



# АМБАСАДОРОТ НА КАЗАХСТАН ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”—ШТИП







**На 10. Декември 2025 година на Универзитетот Гоце Делчев-Штип, престојуваше амбасадорот на Република Казахстан во Северна Македонија, г-динот Сатибалди Барушков, кој се сретна со Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски и раководството на Правниот факултет. Во рамките на посетата, амбасадорот на Правниот факултет одржа интересно предавање на тема „Казахстан и неговата геополитичка улога во современиот свет“. На предавањето присуствуваа голем број на студенти и професори кои имаа можност да се запознаат за современите геополитички процеси и улогата на Казахстан во регионалната и глобалната политика.**
**Амбасадорот на Казахстан во Република С. Македониј, Н.Е. Сатибалди Буршаков, истакна дека оваа посета на УГД е дел од серијата посети и средби со цел да се воспостави соработка од која двете држави ќе имаат интерес.**
**Казахстан отвори своја Амбасада во Македонија во 2024 година и ова е прва посета на УГД во Штип од страна на висок дипломатски претставник од оваа држава.**
**“Ова е моја прва посета на УГД-Штип, а целта на посетата е да им ја презентирам мојата држава Казахстан на младите луѓе, на Универзитетот, на студентите. Исто така, двете држави да воспостават соработка во повеќе сегменти, пред се помеѓу Универзитетите од двете земји, а во тие рамки да ја претставиме и нашата надворешна политика, културниот живот и културното наследство на Казахстан. Со отворањето на нашата Амбасада во Скопје, билатерални односи на политичко ниво се интензивираа, а потврда на тоа е посетата на претседателката Гордана Силјаноска-Давкова, која се сретна со нашиот претседател…… Наша цел е да воспоставиме соработка на економски план и за таа цел е формирана Меѓувладина комисија за економска и трговска соработка. Во иднина планираме да одржиме Бизнис форум во Скопје и состанок на Меѓувладината комисија во Казахстан за да дефинираме заеднички полиња на интерес”….,** **истакна Буршаков.**
**Во врска со настанот, деканката на Правниот факултет, проф. д-р Билјана Тодорова, истакна дека “како Факултет ја поддржуваме меѓународната соработка и ваквите гостински предавања придонесуваат кон проширување на академските хоризонти, развивање на критичко однесување на студентите и подобро разбирање на глобалните предизвици”.**



# ПРОФ. Д-Р СТОЈКО СТОЈКОВ
## Е ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА МАНУ



Проф. д-р Стојко Стојков е избран за член на МАНУ, како член надвор од редовниот состав. По тој повод Наставно научниот совет на ФОН одржа свечена седница. Стојков е втор професор од УГД кој се закити со престижната титулата член на МАНУ. Пред него за член на МАНУ од УГД е избран проф. д-р Блажо Боев, кој е во редовниот состав. Професорот Стојков потекнува од Пиринска Македонија и е активист во борбата на правата на Македонците во Бугарија. Но, тој се истакнува и на полето на академската работа со научно-истражување на средновековната историја на македонскиот идентитет.

Несомнено, приемот на проф. Стојко Стојков од ФОН за член на МАНУ надвор од редовниот состав е голема чест за Факултетот за образовни науки. Редакцијата на Студентско Ехо на проф. Стојков му упатува искрени честитки за изборот на член на МАНУ, надвор од редовниот состав и му посакува успех во неговата академска работа.

УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



# МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
## бисер на словенската писменост



Јазик! Идентитет, традиција, култура, обединување на една заедница, цела историја. Не е тој само игра со зборови, тој е моќ, живот, доказ за себепознавање, слобода и патоказ од каде доаѓаме и каде треба да одиме ние како негови чеда и потомци. Негови штитеници, носители на она што ни' го оставиле нашите предци, наше обележје низ вековите.

Родена сум на ова парче земја. Јазикот мој е македонски, само за него знам, затоа што со него сум задоена, со него растев, со него созревам и сакам со него да чекорам во иднина и гордо да го зборувам без никакви забрани и предрасуди. Зарем може некој да ми забрани да го зборувам мојот мајчин јазик? – Секако дека не! Светите браќа Кирил и Методиј пред векови биле прогонувани, затворани во студени зандани, без страв и непокор и долги непреспиени ноќи со своите ученици се бореле да создадат писмо, на чист лист хартија да испишат знаци, измислени од нив самите и успеале да создадат јазик за сите нас. Зар не е моќ тоа? Да живееш во страв од прогонство, со хартија и мастило во студени ќелии во манастирите, да твориш, да создаваш, да се бориш некому да му покажеш дека се' се може само ако се сака, па дури и да ги обединиш сите Словени само со четириесеттина знаци кои градат еден моќен збор – јазик. Со своите мисии и со помош на нивните следбеници макотрпно читајќи и преведувајќи го рашириле тоа писмо, најпрво таму каде што е Бог, а тоа се манастирите, потоа во ќелијните училишта, па подоцна во книжевните школи низ сите словенски држави за на крај Охрид да стане центар од каде што потекнува просветувањето на Македонците. Охрид е нашиот бисер, оттаму потекнува нашиот јазик, а бисерот како што знаеме, ги краси нашите гради со својата блескавост. Таква е функцијата на нашиот јазик, да не' краси мене, тебе, сите нас, како што ги красел и нашите предци низ годините, иако не биле признавани и биле газени од поробувачите. Но мојот народ е пиреј. Јас сум горда на него, затоа што издржал, не потклекнал и докажал дека се' можат да му земат, да го навредуваат и угнетуваат, но јазикот не можат. Тој е вкоренет во душите наши, па и нив да ни ги земат, него не ќе го откорнат. Јазикот наш денешен, ние, ниту го украдовме ниту го купивме. Го имаме од наследство, тој е знак дека сме постоеле и доказ дека ќе опстоиме. Зарем некој може да ми го оспорува денешниот јазик? Ги прашувам тие што го оспоруваат, дали слушнале за: Крчовски, Пејчиновиќ, Џинот, Цепенков, Зографски и дали знаат од каде потекнуваат и со што се занимавале? Дали го знаат Пулевски и неговата „Самовила македонска" која пишти и лелека со своите други сестри самовили од највисоките планински венци на мојата татковина? Сите заедно низ надвиснатата темна магла со пискот ја бараат светлината на новиот ден и иднината на својот народ, со векови газен и гмечен во виорот на црнилото и покорот пред целиот свет. Дали слушнале за браќата Миладиновци, за „Тешкото", каде што зурлите пиштат и тапанот грми со подземен екот? Знаат ли за кој тоа грми? Знаат ли можеби за Жинзифов, Прличев и Конески? За кој јазик овие Македонци создаваа речници и граматики? Или, Мисирков, за кој јазик тој се бореше и го создаде неговото дело „За македонцките работи". Тие работи не се празни муабети, тие се коренот на јазичното дрво од кое јас денес сум едно мало ливче, кое трепери секојдневно и чека...дали ќе го откинат и згазат или ќе го остават да живее и да се храни од тој корен? Што и да направат нема да ме обесхрабрат и уништат, затоа што аманетот од двигателите на македонскиот јазик тече низ моите вени, вечно ќе го носам и ќе го предавам на моите следбеници и никогаш нема да го продадам за ниту една пара, бидејќи тој е моето најголемо богатство.

Јазикот е наш непресушен извор кој постојано не' напојува со знаења и ни' ги покажува отворените прозорци кон светот и науките. Само треба да ѕирнеме барем со мислите низ еден прозорец за да ја видиме светлината, а таа ќе не' води кон бескрајни далечини и ќе не' издигне во недостижни височини. Сепак, ќе останеме онаму каде што сме се родиле, таму каде што припаѓаме, да се спознаеме најпрво самите себеси, па потоа да им покажеме на другите кои сме и колку вредиме

# ИЗБРАНИ ПРОРЕКТОРИТЕ НА УГД

На предлог на Ректорот на УГД-Штип, проф. д-р Дејан Мираковски, Сенатот ги избра проректорите.





проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска

ПРОРЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



проф. д-р Дарко Лазаров

ПРОРЕКТОР ЗА ЗА ИНВЕСТИЦИИ



проф. д-р Коцевски

ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА И СТУДЕНТИ



МАРИЈА ЧОЛАКОВА

# Постојат ли еднакви плати на **МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ** во Република Македонија?




Целта и сонот на феминизмот би биле многу поблиску до остварување доколку денес мажите и жените во Република Македонија добиваа еднаква плата за извршување на еднаква работа. Сепак, реалноста покажува дека разликата во платите помеѓу мажите и жените сѐ уште е длабоко вкоренета во нашето општество, иако законската рамка-односно Законот за работни односи- изречно ја забранува оваа форма на дискриминација. Истовремено, Меѓународната организација на трудот (МОТ), уште од самото свое основање од 1919 година како една од своите основни цели го поставува постигнувањето на рамноправност во паричното наградување на мажите и жените.

Кога современите општества настојуваат да ја надминат нееднаквоста во платите, тогаш време е да си го поставиме прашањето кој е силниот корен на овој проблем што во нашата земја сѐ уште е толку длабоко вкоренет? Сведоци за оваа се и податоците од Државниот завод за статистика, кој тврди дека во Република Македонија жените заработувале во просек 12% помалку од мажите во 2024 година, а кога на тие податоци ќе се прилагодат и искуството и образованието реалниот јаз во платите достигнува и високи 28%, што укажува на тоа дека не се работи само за разлики во работните титули или улоги туку на постојани општествени и структурни нееднаквости.

Работата на жената е единствено во домаќинството! Честопати слушната фраза во нашите општества, која ни ја покажува традиционалната улога на жената. Затоа една од главните причини за платниот јаз се токму овие стереотипи кои сметаат дека жената треба да се грижи единствено за домашните обврски, децата и постарите лица. Но, додека развиените, модерни земји ја вреднуваат работата на жената подеднакво со мажите, ние во нашата земја се соочуваме со судир помеѓу традиционалното и модерното. Кој глас на разумот би го послушале, традиционалното или современото, минатото или сегашноста?

Праведноста во платниот јаз е достижна, но за тоа е потребно да се зачекори по патеките на високо развиените земји и да се послуша гласот на современото. Стереотипите се само зборови кои не ја дефинираат вредноста на жената. Вистинската економска еднаквост би можела да се постигне ако жената се ослободи од оковите на стереотипите и го зголеми своето учество во работната сила каде ќе биде подеднакво вреднувана со еднаква плата и еднакви можности за напредок.

МАРИЈА ЧОЛАКОВА

# ХУМАНОСТА НА ДЕЛО ВО СТРУМИЦА

## КОЈ Е ИНИЦИЈАТОР НА НАЈГОЛЕМИТЕ ХУМАНИТАРНИ НАСТАНИ ВО СТРУМИЦА?







Во последните години, можеме со сигурност да кажеме дека Струмица го заслужи епитетот „Градот со големо срце", а голема заслуга за тоа има Фондацијата Елеуса, организација која успеа да ја разбуди хуманоста во срцата на струмичани. Фондацијата, која само за една година има поделено 14.000 топли оброци, 850 хуманитарни пакети и самостојно организирано и одржано пет „Концерти на добрината", е основана на 17 февруари 2022, токму по периодот на пандемијата со цел да одговори на сѝ поголемите социјални потреби кои ги почувствуваа граѓаните како последица на здравствената криза. Од самиот почеток Фондацијата е посветена на помагање, поддршка и помош на социјално загрозени категории на лица, како семејства без примања, деца без родители, лица со посебни потреби и бездомници. Покрај обезбедувањето на топли оброци, хуманитарни пакети и собирање храна и облека, Елеуса организира и настани познати како „Каланди со 200 дечиња". Но, како една од најзначајните акции што таа ги организира е дарувањето коса за лица кои се борат со рак, со што ни дава до знаење самата Фондација дека во хуманоста не постои мерка, секое добро дело е големо дело.

Успехот на Фондацијата се должи и на огромната поддршка од локалната заедница. Волонтери од сите возрасти заедно учествуваат во пакувањето и дистрибуција на хуманитарните пакети, а локалните компании донираат храна и облека. Исто така, и учениците од струмичките основни училишта помагаат при собирање на книги и школски прибор за децата од социјално загрозените семејства но често знаат да бидат и поддршка при организирањето на концертите. Можеме слободно да тврдиме дека Фондацијата Елеуса е посебен феномен во градот со големо срце затоа што досега не е забележано некоја организација да го обедини градот до толку и да им биде задоволство на струмичани што ќе бидат дел од некоја волонтерска активност. За Фондацијата Елеуса годината 2025-та беше година на светлината. Со организирањето на својот завршен настан, Фондацијата Елеуса го презентираше резултатот од својата работа во текот на целата година и им се заблагодари на сите поддржувачи и соработници.

„Бог да ве благослови и заедно да продолжиме да носиме уште многу радост и љубов!", порача Фондацијата, истакнувајќи дека љубовта е давање, а давањето носи радост. Благодарност беше упатена и до оние кои не успеаја да присуствуваат, но се дел од големото хуманитарно семејство на Елеуса. На настанот присуствуваа голем број од граѓаните на градот Струмица, претставници на локалната заедница, како и волонтерите. Како почесни гости присуствуваа браќата Барбаровски со чија поезија и музика беше проследен настанот.

Хуманитарната мисија на Фондацијата Елеуса покажа дека иако е создадена пред само неколку години силната желба да се помогне некому не познава граници, таа успеа да ја обедини струмичката заедница околу една возвишена цел-а тоа е да се помогне онаму каде што е најпотребно. Преку нејзините дела како обезбедување на топли оброци и хуманитарни пакети до собирање средства за лекување на деца во странство покажува дека нејзината врата е отворена за секого, како што и секој човек треба да помогне секогаш кога е потребно затоа што Љубовта е давање, а давањето е радост.



МАКЕДОНКА ПАРАКЕОВА

# Демиркаписката клисура природен споменик



Демиркаписката клисура е едно од најубавите природни богатства на Македонија. Се наоѓа на реката Вардар и го претставува најтесниот дел од нејзиниот тек.Самото име на турски значи" Железна врата".Долга е 31,5 км. Карпите кои се варовнички овде достигнуваат висина и до 100 м. ,создавајќи природен премин што со векови се користел за патниците, трговците ,но и арамиите. Високите, сиво – сини карпи ,кои на моменти мислиш достигаат до небото создаваат величествен предел што го восхитуваат посетителот. Овде се и пештерите Белеш и Дервен кои што ја дополнуваат таинственоста на оваа место. Историски Демир Капија била стратегиско место уште од античко време. Тука поминувал римскиот пат Виа Милитарис кој ги поврзувал Централна Европа и Егејот. Пронајдени се остатоци од утврдувања и антички населби,што сведочи дека клисурата била важна за контролирање на движењето долж Вардар.Исто и Византија како и османлиите ја користеле оваа теснина поради нејзината стратешка положба. Денес таа е една од најважните сообраќајни артерии – автопатот што не поврзува со Грција. Местото е богато со ретки растенија, во клисурата живеат многу видови птици и животни ,како срната,зајакот еребицата ,волкот,но најпознат е орелот. Освен нив во овој дел на Вардар живее и сомот кој е најголема риба и достигнува тежина дури и од 1000 кг. Клисурата се користи денес за кајакарење и алпинизам. На тој начин таа ги спојува историјата и сегашниот живот на оваа древно исполнето со мир место кое со својата дива убавина не повикува да го посетиме и уживаме во негова та раскош.







# СЕЛОТО ВАТАША

## Спој на историја, традиција имногу лекции од минатото





Селото Ваташа е споено со градот Кавадарци и претставува една од најзначајните и емотивни точки на македонската историја. Иако е мало,оваа село е богато со традиција ,спомени и е дом на многу од нашите великани како Страшо Пинџур, Димката Габерот нашите револуционери,но и дом на Даскал Камче првиот печатар кон крајот на 19 век. на Балканот. Околината е богата со лозја, бавчи и зелени ливади што му даваат посебна убавина на оваа надалеку прочуено село. Климата е топла и пријатна совршена за виновите лози, па поради тоа секој жител овде се занима со лозарство. Селото сега е мирно и спокојно, иако во минатото овде во куќите на Габерот и Страшо Пинџур се собирале револуционери од цела Македонија спремни да гинат за слободата. Најголем непробол за оваа мирно село е секако смртта на 12 ваташки младинци ,од страна бугарскиот фашистички окупатор на 16 јуни 1943, млади кои се сега опеани во нашите песни и никогаш заборавени. Славко Јаневски нашиот познат писател вака пишуваше за нив:

> "Во Тиквешко негде,в некое село,
> Кај в слана венеше цвете – убија дете"

> "Последна солза капна...
> кога на ридот есента стапна..."

Денес, на местото на овој зверски чин е подигнат споменик , Споменик на Ваташките младинци кој служи за сеќавање никогаш да не се заборави нивната жртва. Луѓето овде се кротки и гостопримливи, многу од нив со добар слух за песна ,па често може да се слушне од далечината песната и музиката на селските собиранки на сред село.Веднаш до куќата на Страшо се наоѓа и убава црква "Св. Спас" кое ги собира мештаните за сите големи празници.Селото Ваташа е повеќе од обично село, тоа е жив споменик на нашата историја , потсетник на нашата борба ,борба за слобода. Исполнето е со достоинство кое што го имаат овдешните луѓе, тие со генерации ќе сведочат за вистината, за никогаш да не се заборави.

### КОП 30, Белем, Бразил 06-21.11.2025

# ЗАВРШИ СВЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ



Двонеделната дебата за климатските промени што се одржа во градот Белем во Бразил заврши. Големите климатски играчи ги сумираат резултатите. Многу експери сметаат дека Конференцијата не ги исполни очекувањата, а како главни пречки ги спомнуваат геополитичките поместувања во светот.

Бразил покрена амбициозен проект иницијатива за формирање Фонд за заштита на тропските шуми, кои се особено важни за регулирање на климата и биодиверзитетот. Станува збор за „Тропска шума засекогаш", односно нов фонд основан со владини средства и пред сè со приватни инвестиции. Земјите кои исклучително ќе ги заштитуваат своите шуми, треба да бидат наградувани со профитот од фондот. Најмалку 20% од исплатите се наменети за домородни народи. Целта е да се соберат вкупно 125 милијарди американски долари за овој фонд. Дали овие средства ќе се соберат времето ќе покаже. Во услови на трговска војна, војната во Украина и ситуацијата во Газа, мултилатерализмот и климатската политика во моментов како да се ставаат во втор план. САД, како втор најголем емитент, со доаѓањето на Доналд Трамп на власт се повлекоа од договорот и оттогаш се борат против сè што е поврзано со заштитата на климата.

ЕУ во моментов крева рачна кочница во однос на климата, благодарение и на германската сојузна влада, која навистина постави цел да биде климатски неутрална до 2045 година, но како што актуелно стојат нештата, би ја промашила целта. Германија сака да ја прошири својата гасна инфраструктура и помалку доследно да се фокусира на обновливи извори на енергија. Во моментов се води жестока дебата за целта за намалување на емисиите до 2040-та година. Кина сè повеќе презема улога на предводник,

За Бразил под водство на претседателот Лула, конференцијата е врвен приоритет, бидејќи земјата сака да се претстави како држава што комбинира одржлив развој со економски напредок и може да преземе водечка улога на светската сцена.













# ГОДИНАТА ШТО НÈ НАУЧИ ДА РАСТЕМЕ





Годината што измина (2025) за мене не беше само календарска рамка – беше година што ме обликуваше повеќе отколку што очекував. Година што ми покажа дека растењето не е секогаш удобно, не е секогаш убаво, но секогаш е потребно. Понекогаш најголемите лекции доаѓаат токму од ситуациите што не ги планиравме. Како студент, се соочив со многу задачи кои бараа истовремено исполнителност, концентрација, дисциплина и упорност. Имаше денови кога се чувствував како да газам по сигурен пат, и денови кога единственото нешто што ми беше јасно е дека морам да продолжам понатаму. И тоа продолжување, тоа малечко „ајде уште денес“, беше првиот чекор кон една нова верзија од себе. Оваа година ме натера да научам да бидам поорганизирана, да поставувам граници, и да го вреднувам времето – моето, и времето на другите. Некои ситуации ми помогнаа да се издигнам и да ја најдам најдобрата страна од себе; други ме исцрпија, ме разочараа или ме направија да се сомневам во моите избори. Имаше моменти кога одредени луѓе и околности влијаеја негативно врз мене, но токму тие моменти ме научија најмногу: дека не мора секогаш да останам таму каде што не се чувствувам добро, дека имам право да се заштитам, и дека личниот мир е една од највредните работи. И покрај предизвиците, годината ми подари и нови погледи – нови начини на кои ги гледам обврските, пријателствата, студиите и себеси. Научив дека прилагодувањето може да биде најмоќна алатка, дека упорноста се гради секој ден, и дека секоја мала победа заслужува да биде славена. Сега, кога се приближува крајот на 2025, се чувствувам истовремено и благодарна и подготвена. Благодарна за сè што ме обликуваше, дури и за оние моменти кои не изгледаа убаво додека се случуваа. Подготвена – за уште една година во која ќе учам, ќе грешам, ќе се менувам и ќе растам.

2026 ја дочекувам со надеж и со јасно чувство дека предизвиците не се пречка, туку почетна точка. Знам дека ќе донесе нови испити, нови дилеми, нови чекори напред. И оваа година ме научи дека најважно е не да избегаме од предизвиците, туку да ги прегрнеме – затоа што токму преку нив стануваме посилни, постабилни и поподготвени за животот што нè чека.

Нека 2026 биде година во која ќе пораснеме уште малку повеќе








# КАКВО Е ЧУСТВОТО НА ОЛИМПИСКИТЕ ПОБЕДНИЦИ?



За да одговориме на поставеното прашање во насловот на текстот не е ниту лесно и едноставно. Треба длабоко да навлеземе во психологијата на Олимпискиот победник за да ја почуствуваме славеничката еуфорија. Да бидеме искрени да се биде Олимписки шампион не е мала работа. Тоа е врвот на една спортска кариера на еден спортист. Тоа е сон на секој врвен спортист, кој, малкумина успеале да го остварат. Освојувачите на златен олимписки медал во своите држави, па и во целиот свет уживаат статус на национален херој и се изедначуваат со статус на Бог. Чуствата се помешани со разни емоции. Радоста и гордоста се најприсутните чуства. Со овој текст ќе се обидеме да навлеземе длабоко во душата на златните олимпијци-освојувачи на златен медал. Чуство на Бог, на надчовек, на возвишена вредност и дека припаѓа на бесмртните. Бесмртноста ја обезбедуваат во историските читанки, но и со давање на имиња на улици, спортски стадиони итн. Чуствата на Олимписките шампиони се измешани. Тие имаат чуство на гордост, непобедливост, припадност, национален херој. Секој сака да го гушне, да ги допре, да му ја стисне раката, но и посакува да е во неговата позиција да го доживе. Неизморни емоции. Нешто не описливо

Олимиските победници, кога се враќаат во местото на живеење за нив се организираат дочек со највисоки почести. Аеродромите се полни со граѓани кои да ги пречекаат. Шпалир од луѓе фрлаат букети цвеќиња како израз на почит и љубов кон шампионот и неговите достигнувања. Имиња на Олимписките шампиони стануваат спортски бренд на спортски облеки.



Гимнастичарот Ли Нинг од НР Кина, кој, по завршување на неговата спортска кариера отвори свој бизнис на спортска опрема со бренд на неговото име.

Единствена нивна маана е тоа што тие стануваат егоцентрци и суетни личности од кои тешко се ослободуваат.




ДАЈАНА САНДЕВА

# ОК УГД ШТИП
## ПОСТИГНУВА ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ





Одбојкарскиот клуб „Штип УГД“ во својата богата натпреварувачка историја за првпат настапи на европската сцена во Challenge Cup и успеја да се пласира во второто коло во ова реномирано клупско натпреварување. Во првото елиминационо коло, ОК Штип УГД по два одржани натпревари (во гости и дома) го победи норвешкиот тим ОЈ Кол ИЛ од Осло и се пласира во второто коло.
Во второто елиминационо коло ОК Штип УГД се сретна со ОК Алианц од Милано, кој е еден од најдобрите клубови во Италија. Во двата дуели, во Штип и Милано победи тимот на Алианц со 3-0, со што беше елиминиран во понатамошното натпреварување. И покрај поразот во двата меча, штипскиот тим остави одличен впечаток и покажа дека може да се носи со звучни имиња. Двата меѓународни натпревари се одржаа во спортската сала во Радовиш поради неадекватноста на димензиите на спортската сала Јордан Мијалков во Штип. Ова е голем чекор за клубот и за македонската одбојка, кој го стави Штип на европската одбојкарска мапа.
Италијанската одбојкарска лига важи за најјака во Европа, бидејќи во неа играат одбојкари од Европа, Бразил, Куба и САД. ОК УГД Штип покажа карактер и желба за натпреварување.
По елиминацијата на ОК Штип УГД од Challenge Cup, клубот целокупната натпреварувачка енергија ќе ја насочи во борбата за освојување на првата шампионска титула и Купот по трепат. Одбојкарите се лидери на табелата и најверојатно ќе ја освојат есенската шампионска титула, за да напролет атакуваат на освојување на шампионската лига.





# КАКО ТЕХНОЛОГИЈАТА ГО ПРОМЕНИ СТУДЕНТСКИОТ ЖИВОТ



Кога ќе се навратам неколку години наназад, сфаќам дека студентскиот живот денес е многу подинамичен и многу се разликува од оној што генерациите пред нас го живееле. Не затоа што предметите на факултет се променети, туку затоа што технологијата ни се вгнезди во нашето секојдневното живеење. Понекогаш воопшто не забележуваме колку ни е важна технологијата, додека не се најдеме во ситуација нашиот компјутер да остане без батерија или пак ќе немаме пристап до интернет, тогаш сфаќаме дека единствена алтернатива ни останало мобилниот телефон кој го носиме во џеб. Денес учиме на различни начини што на нашите родители им изгледа несфатливо. Хартиените тетратки и книги се помалку се користат, се помалку ги бележиме предавањата на професорите со пенкало или молив. Тоа што е важно од предавањето, наместо во тетратки ги бележиме во мобилните телефони.

Онлајн учебниците, брзите линкови и различните дигитални белешки стануваат се почести алатки во учењето. Не мора да седиме во библиотека за да учиме од книги, туку доволно е да изгледаме некое јутјуб видео, да проследиме некој онлајн курс или да изгугламе на интернет, за кратко време ги добием потребните информации.. Хартиените тетратки и учебници полека заминуваат во историјата, а нив ги заменуваат дигитални алатки (таблети) и други електронски уреди. Вештачката интелегенција е алатка која ја користиме секојдневно и таа денес е приоритет број еден. За многу студенти тие претставуваат помош околу средување на белешки, составување на план за учење или да се добие појаснување за нешто што не е јасно, но за други, пак, вештачката интелегенција е искушение доаѓање



до брзи и добри решенија. И овде ја согледуваме најголемата промена, технологијата ни нуди брзина, а од друга страна забораваме дека знаењето не се гради на брзина туку систематски, со резон и разбирање. Во делот на комуникацијата живееме во тотално нов систем.

Студентските групи што ги креираме на Фејсбук за наши потреби се преполни со пораки, видеа и други аудио записи за појаснување на наставиот материјал. За многу кратко време, кое се мери во секунди материјалот пристигнува до нас. Информациите не се проблем, туку проблемот е во тоа како да се снајдеме во тој хаос, што создава поголема нервоза кај студентите токму затоа што треба да бидат во тек со сите информации. А кога станува збор за социјалниот живот, технологијта не поврзува, а истовремено и не отуѓува. Лесно е барем во денешно време да се слушнеме со некого и да договориме кафе средба преку порака, но исто толку е лесно да се изолираме со слушалки во екранот. Иако, онлајн животот е дел од нашето секојдневие, физичките средби стануваат ретки. На крајот од денот, технологијата не е ни добра, ни лоша сама по себе, таа е алатка, начин што може да ни го усложни или олесни животот во зависност од тоа како ја користиме. Студентскиот живот се менува побрзо од кога било, но една работа останува иста, а тоа е искуството и знаењето што го носиме со себе. Технологијата може да биде мост, но не и замена за она што самите можеме да го вложиме во себе.





# ПРАЗНИЦИТЕ СЕ БЛИЖАТ

Нова година наближува, а раздвиженоста по улиците достигнува кулминација. Сите се подготвуваат за најлудата ноќ да ја поминат весело и незаборавно. Трговските центри и моловите се преполни со купувачи и љубопитни луѓе кои излегле да ја почуствуваат новогодишната атмосфера. Кај граѓаните се забележува еуфорија и потрошувачка грозница. Се купуваат разнородни производи. Новогодишните елки заземаат централно место на плоштадите, излозите и холовите во шопинг центрите. Градските татковци на свечен и симболичен начин ги светнаа новогодишните елки на плоштадите во присуство на голем број сограѓани. Овој период од годината е најубавиот, најрадосниот затоа што украсените улици со разни видови новогодишни украси создаваат посебен амбиент кој го крева расположението на луѓето.

На улиците е пристигнат и омилениот лик-Дедо Мраз, кој се ракува со дечињата, но им дарува и подароци. Децата се фотографираат и гушкаат со најомилениот лик во светот. Со звуците на своето ѕвонче, Дедо Мраз го свртува вниманието на многубројните случајни минувачи и го збогатува севкупниот декор по улиците. На улиците се присутни повеќе Дедо Мразовци, а тоа ги збунува децата кои се прашуваат кој е вистинскиот. Одговорот на ова прашање е дека живееме во плурално општество, во кое доаѓа до израз и конкуренција помеѓу Дедо Мразовците. Но, кај нив се забележува џентлменски договор за поделба на просторот на плоштадите и улиците. Секој Дедо Мраз е суверен во својот простор.

На крајот од годината сите правиме биланс на успехот. За едни можеби е успешна, но за други е помалку успешна. Исто така, кроиме планови и за наредната година. Полека ја напуштаме 2025 година со различни емоции и сеќаавања. Но, Новата 2026 година е нова надеж за сите нас со нови планови и предизвици. Непријатните моменти од претходната година да ги заборавиме, и да свртиме нов лист во Новата 2026 година.

Деновите што доаѓаат да донесат мир и љубов во целиот свет. Војната во Украина и Газа да заврши веднаш. Звуците на оружјето да престане, а болните да ја победат болеста. Радоста да пристигне во секој дом.

Среќна Нова 2026 година.



# ШТИП СЕ ПРЕТВОРИ ВО НОВОГОДИШНА БАЈКА



Култната улица во Штип "Ванчо Прке", позната како "едносмерната" од едносмерна се трансформира во пешачка зона и стана значајно место каде се одржуваат разни културни манифестации. Годинава по вторпат споменатата улицата е место кадешто се одржува новогодишен базар. Годинава активностите на улицата започнаа една недела порано, пред се поради позитивното искуство од минатата година. Годинава активностите започнаа на 01.12.2025 г., со свечено светнување на новогодишната елка на градскиот плоштад во присуство на голем број граѓани. Потоа сите се упатија кон улицата Ванчо Прке и ги проследија планираниоте активности. Наредните денови продефилираа и децата од детскиот фестивал Весело штурче, ученици од основните училишта, средното музичко училиште "Сергеј Михајлов", градскиот хор и неколку фолклорни групи и КУД.



Во периодот од 20.12.-27.12.2025 година се одржа вториот Новогодишен базар, според концептот на поголемите градови во Европа. Новогодишниот базар предизвика голем интерес не само кај штипјани, туку и од околните градови. Според наши проценки Новогодишниот маркет го посетија голем број посетители од Македонија, а имаше и од соседните земји. Меѓу посетителите можеше да се слушне гласно размислување дека ул. "Ванчо Прке" многу порано требало да се трансформира во пешачка зона. Наша оценка е дека Новогодишниот базар во целост ги исполни очекувањата на штипјани. Кулминација на новогодишните празнувања беше дочекот на Нова 2026 година на кој присуствуваа голем број граѓани на Штип и околните градови.

Како ја доживуваат граѓаните предновогодишната бајка и еуфорија побаравме мислења од случајни минувачи.

"Лани Штип беше многу убаво украсен, но оваа година градот блесна поубаво и поразнолико. Градот изгледа како новогодишна бајка која плени со својата магичност. Јас сум од Скопје и забележав дека Штип многу напреднал. Како наближуваат празниците атмосферата се загрева, а градот е масовно попосетен. Штип потсетува на град кој зрачи позитивна енергија, мотивира и создава радост"- изјави Никола Стојанов.







# СТРУМИЦА Е ПОДГОТВЕНА ДА ЗАБЛЕСКА!

## ЗАПОЧНУВА НОВОГОДИШНАТА ЕУФОРИЈА ВО ГРАДОТ

Декември е месецот кога сите се опуштаме и си посакуваме подобар живот, затоа што, тој го навестува крајот на годината. Но, декември како последен месец од годината не потсетува дека никогаш не е доцна за прегратка со саканите, убав збор со пријателите, мало добро дело или насмевка кон непознат, или можеби најважното-момент на тишина во кој се искажува благодарност за годината што заминува. Декември несомнено носи надеж за подобро утро, носи со себе магија од различни чувства кои имаат потреба да бидат некому искажани.

Неодамна и Струмица ја зафати декемвриската магија. Градот под Царевите кули не дозволува овој важен момент од годината, кога најважно е да бидеме подобри, да се зближиме со семејството и да изразиме добрина, да помине незабележано. Со подготовките за традиционалното новогодишно украсување и најавите за празнични активности, новогодишната еуфорија започнува да се шири низ Струмица.

ЈП „Паркиралишта" ја исполни својата обврска да го распише тендерот за новогодишното украсување на Струмица, кое ќе се реализира во првата половина од месецот. Градот полека се подготвува да го облече своето празнично руво, а најголем дел од украсувањето се фокусира на централниот плоштад, каде ќе се издигне елка висока околу11 метри. Плоштадот е осветлен со околу 400 светлосни фигури и елементи, а над него ќе се протега светлосно небо долго приближно 500 метри, кое ќе создаде вистинска магија за жителите и посетителите на градот.

Празничниот сјај ќе продолжи и низ булеварите „Ленинова" и „Маршал Тито", старата чаршија, градското корзо и улицата „Климент Охридски". Тие ќе бидат украсени со светлосни фигури, мрежи, ЛЕД сијалици и осветлени дрвја.

Како дел од новогодишната еуфорија се очекува и организирањето на традиционалниот новогодишен базар кој се одржува на плоштадот „Гоце Делчев" и најчесто трае во последната недела од декември. Базарот нуди богата празнична атмосфера со дрвени куќички во кои ќе бидат изложени рачни изработки, новогодишни украси, подароци, сувенири како и традиционални зимски напитоци и храна. Посетителите имаат можност да уживаат во топло вино, чаеви, слатки и специјалитети додека ги слушаат македонските хитови отпеани од младите струмички ѕвезди.

За најмалите, Дедо Мраз е тука да ги слушне нивните новогодишни желби и да им подари новогодишно пакетче.

Декември е месец кога сите почнуваме да веруваме во магијата, Градот под Царевите кули одлично ја врши својата должност со цел да ја разбуди радоста во срцата на струмичани, а наше е да не заборавиме да ја шириме радоста и низ целата година, затоа што вистинската магија во срцата се случува само кога ќе подадеме рака некому за да помогнеме.



БЛАГИЦА ЦВЕТКОВА

# ВО ПОТРАГА ПО ДЕТСКОТО ПРАЗНИЧНО ЧУВСТВО

Чекорев полека, но сигурно низ времето, како заглавена во временска јамка - делумно во минатото, делумно во сегашноста. Се движев во круг низ спомените кои постоеја некаде во минатото кога се беше безгрижно и малку подинамично од сега. Копнеевме сите по светот на возрасните, а сега заглавени во тој круг од сеќавања посакувајќи да го вратиме времето, барем на кратко. Низ кругот од тие спомени наидов на себе - мало девојче кое пишуваше писмо до Дедо Мраз, утрото на новата година, подарокот под елката, поминатото време со моите најблиски за празниците. Се чувствував така топло и немав ниту една грижа. Наеднаш се стана посиво, се вратив во сегашниот монотон период на празнично издание. Сивилото на градот, сите надвор ги разгледуваме убавините на градот, кој сега е помодерен, но го нема она носталгично чувство кое го пронајдов кога патував низ минатото.
Се сеќавам на раните утра, кога секогаш пред да излезам на училиште ја чувствував таа возбуда, која ми ги предвидеше празниците. Она што сега во мене буди носталгија - мирисот на ладно и барут, а јас секогаш ќе кажев - "Мириса на Нова година„. Никогаш не сфатив по што мечтаевме како деца, за овој повозрасен свет, а сега копнеам по ладните утра кога ближеа празниците, па близината со најмилите ни ја даваше онаа топлина. Дали сите се чувствуваме вака, или само мене овој период во годинта ми го буди носталгичниот дух?
Сигурна сум дека сите длабоко во себе копнееме, но не по минатото, туку она што го има во него, а тоа се спомените. Можеби кога бевме деца се изгледаше помагично бидејќи немавме обврски. Детството ни беше исполнето со магија, а празничната магија почнуваше со првите лампиони, мирисот на мандарини, печени костени, и сенгот кои беше причина за искрената насмевка на нашите детски лица.
Можеби магијата не исчезнала целосно, само ја променила формата. Денес таа магија можеби не ја препознаваме и изгледа како да ја губиме, бидејќи не ја чекаме со иста нетрпеливост како некогаш. Денес сите копнееме да знаеме и добиеме повеќе, а чувствуваме премалку. Можеби токму поради тој судар помеѓу знаењето и чувствата ја губиме празничната магија по која копнееме, а некогаш ни доаѓаше сама.

Дали сеуште постои онаа "old school„ празнична магија или сега се е онака приземно, минималистичко и монотоно?



ЕВГЕНИЈА ДОНЕВА

# Таму каде што годината завршува со музика



Како поранешен ученик на Музичкото училиште „Сергеј Михајлов“ во Штип, секоја година крајот на декември носи една посебна носталгија и радост во моето срце. Новогодишниот концерт што училиштето го организира веќе традиционално секоја година е многу повеќе од само музички настап – тој е празник на младешката енергија, трудот и љубовта кон музиката што сите ние ја чувствувавме за време на нашето образование. Секогаш кога ќе влезам во Домот на културата „Ацо Шопов“ за време на концертов, ме обзема чувство на топлина и заедништво. Звукот на клавирите, виолините, инструментите, хоровите гласови… секоја нота зборува за месеци вежбање, посветеност на наставниците и вистинска страст. Таа магична енергија што ја создаваат младите музичари носи радост не само за нив, туку и за сите присутни родители, пријатели и поранешни ученици. За мене, Новогодишниот концерт никогаш не бил само уште едно прославување на годината што заминува. Тоа е шансата да се види колку многу може да постигне една заедница која свири и пее со срце. Да се види како младите таленти растат пред очите, како од скромни почетоци созреваат во уверени изведувачи, и како музиката ја поврзува публиката со искрената емоција што секој од нас ја има во себе. Токму таму, додека слушам делови од класични композиции, модерни аранжмани и импровизации што доаѓаат од срце, се потсетувам зошто го сакам ова училиште – не само како место за учење, туку и како дом на уметноста и инспирацијата. Сите тие моменти ни откриваат дека музиката има моќ да ја обединува заедницата, да ги помирува различностите и да нè тера да бидеме подобри луѓе. Годинава, како и секоја друга, Новогодишниот концерт ме потсети на важноста на уметничкото изразување и на времето поминато со другарите и наставниците. Сè уште го носам тој звук во себе – музиката што нè исполнуваше со радост, што нè учеше на дисциплина и што нè инспирираше да продолжиме да создаваме, да свириме и да сакаме. Новогодишните концерти не се само настани на крајот на една година… Тие се симбол на почетокот на нешто ново, на надеж, радост и заедништво. И секогаш ќе останат еден од најубавите делови од моето музичко патување.



ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“ ШТИП

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE2
EUROPEAN UNIVERSITY

Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE2
EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged